

**ТРИЕСЕТТОТО, ТРИЕСЕТ И ПРВОТО И ТРИЕСЕТ И ТРЕТОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИОТ ГРАД РИМ**

***И во 1998 година, во рамките на манифестацијата „Македонија во чест на свети Кирил", Македонската православна црква испрати своја делегација во Рим, за поклонение на гробот на светителот. Делегацијата ја сочинуваа: митрополитот Дебарско-кичевски г. Тимотеј, митрополитот Брегалнички г. Стефан, протојерејот Ефтим Бетински и протоѓаконот Димче Миланов.***

Државната делегација оваа година беше предводена од премиерот г-дин Бранко

Црвенковски, а од Католичката црква во Македонија учествуваа бискупот Јоаким Хербут и отец Анте Церимотиќ. Најнапред делегацијата беше примена од папата Јован Павле Втори и на таа средба, освен за делото на свети Кирил и Методиј и нивните ученици, стана збор и за актуелни теми во Македонија, и особено за МПЦ.

Прием за македонската делегација организираше и кардиналот Анџела Содана. Беше остварена и посета на Хрватскиот колеџ *„Свети Ероним".* Претставниците на Македонската православна црква имаа срдечни разговори со великодостојници во Советот за единство на христијаните во Рим, секретарот бискупот Пјер Дипре, бискупот Перисе и отецот Јозеф Мај.

Овогодишната посета на Рим ја одбележа и работниот ручек на кој двајцата македонски митрополити се сретнаа со кардиналот Роже Ечегерај, претседател на Ватиканскиот оддел за Правда и мир, а на средбата присуствуваа и г-дин Владо Наумовски, претседател на Комисијата за односи со верските заедници, како и амбасадорот на Република Македонија при Светата столица.

На централниот настан на патувањето што се случува во базиликата *„Свети Климент"* во Рим, беше отслужен молебен, на кој пригодна беседа одржа митрополитот Стефан, а со молитвени песни учествуваше и хорот *„Русикум*". Покрај македонската делегација, беа присутни и голем број видни личности од Ватикан: отец Јозеф Мај, отец Тамаш Шпидлик од Институтот „*Ориентале",* отец Ричард Чемус, професор на институтот „*Грегоријана",* доминикански отци од базиликата, фрањевскиот отец Леонардо Орач и др.




© Roman Kugge



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**